**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# АРАНЖИРАЊЕ НА ЦВЕЌЕ

**IV ГОДИНА**

***ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА***

***Техничар за хортикултура***

**Скопје, 2008 година**

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** АРАНЖИРАЊЕ НА ЦВЕЌЕ

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: техничар за хортикултура

1.2.2. Струка: земјоделско - ветеринарна

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Четврта

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 3 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 99 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***аранжирање на цвеќе*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да го сфаќа значењето на икебаните за украсување на просторот;
- да ги одредува критериумите за избор на местото во просторот за аранжирање со икебани;
- да ја познава изработката на цветни аранжмани за различни пригоди;
- да компонира стилови на цветни аранжмани;
- да изработува план на аранжмани за различни пригоди;
- да уредува неофицијални и официјални дворови;
- да опишува различни видови бонсаи;
- да развива естетски вредности за уредување на животната средина.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За постигнување на поставените цели по предметот ***аранжирање на цвеќе*** потребно е ученикот да поседува претходни знаења од наставните предмети: педологија и ботаника со систематика од II година, земјоделска техника и методи на размножување и селекција од II и III година, декоративни растенија, стандардизација и контрола на цвеќе, цвеќарство на отворено и практична настава од III година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ИКЕБАНА** | **9** | ***Ученикот:***<br>- да ги објаснува техниките за изработка на икебани;<br>- да ги опишува составните елементи на икебаната;<br>- да препознава места во просторот за аранжирање со икебана;<br>- да ги објаснува мерките за грижа и одржување на икебаната;<br>- да споредува различни видови икебани. | - Објаснување за значењето и стиловите на икебаните;<br>- презентирање на планови од различни видови на икебани;<br>- посета на сајтови со различни стилови на икебани. | - Производство на цвеќе во заштитени простори<br>- Цвеќарство на отворено<br>- Практична настава |
| **2. ЦВЕЌИЊА ЗА ЦВЕТНИ АРАНЖМАНИ** | **21** | - Да ги именува цвеќињата за изработка на цветни аранжмани: **Hippeastrum – hibridi** (Amaryllidaceae), **Gloriosa rothschildiana** (Liliaceae), **Rosa** (Rosaceae), Acacia saligna (Leguminosae), **Gerbera – hybridii** (compositaceae) **Diantus caryophyllus** (Caryophyllaceae), **Tulipa** (Liliaceae), **Anemone coronaria** (Ranunculaceae) | - Организирање на вежби за препознавање на цвеќињата според нивните морфолошки особини;<br>- презентирање на видови цвеќиња кои најчесто се користат за изработка на цветни аранжмани;<br>- организирање посета | - Производство на цвеќе во заштитени простори<br>- Цвеќарство на отворено<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Zantedeschia aethiopica** (Araceae**)**, **Nerine bowdenii** (Amaryllidaceae), **Freesia – hybridi** (Iridaceae), **Gypsophila paniculata** (Caryophyllaceae), **Alstroemeria aurantiaca** (Amaryllidaceae), **Ranunculus** (Ranunculaceae), **Syringa – vulgaris – hybridi** (Oleaceae), **Convallaria majalis** (liliaceae), **Centaurea cyanus** ( Compositatae), **Paphiopedilum** ( Orchidaceae), **Ixia maculate** (Iridaceae), **Lathurus odoratus** (Leguminosae**), Campanula** (Campanulaceae), **Gladiolus hybridii** (Iridiaceae) и **Lilium** (liliaceae). | на цветни градини и цвеќари. | |
| **3. ИЗРАБОТКА НА ЦВЕТНИ АРАНЖМАНИ** | **27** | - Да селектира квалитетни материјали за изработка на цветни аранжмани;<br>- да изработува цветни аранжмани во соодветни садови;<br>- да сложува бои и контрасти при изработка на цветни аранжмани;<br>- да изработува цветни аранжмани за свадби, веселби, погреби;<br>- да подредува аранжмани според хиерархија, пол и сл.;<br>- да предлага аранжирање на просторот со цветни аранжмани. | - Организирање на вежби за препознавање на различни садови за изработка на цветни аранжмани;<br>- презентирање на аранжмани според хиерархијата, полот и сл. (претседател, министер, жена, маж итн.);<br>- организирање на вежби во цвеќарници. | - Производство на цвеќе во заштитени простори<br>- Цвеќарство на отворено<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4. НАДВОРЕШНО АРАНЖИРАЊЕ** | **33** | - Да разликува уредување на мали, средни и големи градини;<br>- да го познава уредувањето на специјализирани градини;<br>- да ги толкува геометриските облици на садење на цвеќиња;<br>- да ја објаснува изработката на скулптури со градинарски цвеќиња;<br>- да дава идеи за изработка на столбови и пирамиди од цвеќарски видови во градини;<br>- да ги познава дополнителните украсни елементи (фонтани, ѕидови, бетонски плочи, делови од стари предмети и сл.) при аранжирање на градини;<br>- да дава идеи за уредување на јавен простор (јавни згради, трговски центри, деловни објекти);<br>- да ја толкува употребата на висечки цветни корпи;<br>- да го истакнува уредувањето на парковите. | - Дефинирање на истражувачки проектни задачи од областа на аранжирање на надворешен простор во најблиската околина или социјалните партнери на училиштето;<br>- организирање на вежби во паркови;<br>- посета на сајтови на тема уредување на надворешен простор;<br>- презентирање преку слајдови, слики, цртежи на различни архитектонски елементи во цветните градини. | - Производство на цвеќе во заштитени простори<br>- Цвеќарство на отворено<br>- Практична настава |
| **5. БОНСАИ** | **9** | - Да ги опишува видовите дрвја и грмушки за бонсаи;<br>- да го објасува начинот на размножување на видовите дрвја за бонсаи; | - Презентирање преку слајдови, слики, цртежи на различни видови и стилови на бонсаи; | - Производство на цвеќе во заштитени простори<br>- Цвеќарство на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ја објаснува техниката на изготвување бонсаи;<br>- да ги набројува мерките за грижа при подигање на бонсаи;<br>- да ги разликува стиловите во бонсаи. | - посета на Интернет страница за начини на подигање, одгледување и грижа на бонсаи. | отворено<br>- Практична настава |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

Програмските содржини по предметот ***аранжирање на цвеќе*** имаат теоретско - стручен карактер, но имаат и практично значење, поради што почесто треба да се реализираат преку демонстрации и вежби на практични операции и работни задачи. Така, покрај фронталните предавања потребна е почеста работа со учениците во групи, парови и индивидуално. Освен тоа, треба да се применуваат разновидни наставни методи, односно постапки: покажување, објаснување, опишување, предавање, дискусија, практична работа и сл.

Преку успешната примена на наставните форми и методи треба да се обезбеди оптимално активно учество на учениците, поточно тие да соработуваат, комуницираат, критички да размислуваат, решаваат проблеми, истражуваат, вежбаат, стекнатите знаења да ги применуваат во праксата, да ги следат и читаат новите достигнувања во светот, да изработуваат домашни и проектни задачи и самостојно да се образуваат.

Во наставниот процес наставникот ја планира, организира и реализира својата воспитно - образовна работа, а потоа преку усни излагања, објаснувања, демонстрирања, поставување на прашања, проверувања и оценувања на постигањата на учениците ги остварува целите на овој предмет со што ги поттикнува учениците на конгнитивно, психомоторно и афектно однесување.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по предметот ***аранжирање на цвеќе*** се остварува преку стручно-теоретски предавања кои ќе се реализираат во училници и кабинети. Покрај теоретските предавања треба да се изведуваат и вежби, практични операции и работни задачи во рамките на училишните економии или пакови, цвеќарници, соодветни стопанства и институции надвор од училиштето, а потребно е и поврзување со локалната заедница. Притоа, потребно е реализирањето на наставата да се остварува и преку блок часови за вежби со учениците во групи, парови или индивидуално.

## 4.4. Наставни средства и помагала

Во наставниот процес треба да се користат разновидни наставни средства и помагала: слики, цртежи, слајдови, филмови, интернет материјали, телевизиски снимки, замјоделска техника, цвеќарски производи ( во свежа, сушена состојба), хербариуми  и сл.

# 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на учебната година. Тоа се остварува во соработка со сите ученици преку разновидни форми и постапки: усни проверки, писмени задачи, тестови, проверки на домашни задачи, оценување на практичните способности на учениците при вршење на вежбите, практичните операции, работните задачи и сл.

Во текот на учебната година знаењата на учениците се оценуваат најмалку со две оценки во текот на полугодието, а се утврдуваат и полугодишни и годишни оценки.

Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на програмата, се постапува согласно законската регулатива за средно образование.

# 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

## 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по овој наставен предмет треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики, да е психофизички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да го применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да стекнал соодветно стручно образование, со и без работно искуство, да ја сака наставничката професија, да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија и постојано да се самообразува во струката и во педагошката област.

## 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставната програма ***аранжирање на цвеќе*** ја реализираат наставници со завршени студии по:

- ***земјоделство*** (градинарско - цвеќарска или општа насока).

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит, согласно со Законот за средно образование.

## 6.3. Стандард за простор

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат со наставата по овој предмет, тој треба да се реализира во училница, кабинет и лабораторија, во училишна економија и нејзините придружни објекти, како и во цвеќарница и паркови. Наставниот простор треба да биде опремен соодветно нормативот за наставен простор и опрема за земјоделско-ветеринарната струка.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 7.1. Датум на изработка: март 2008 година

### 7.2. Состав на работната група:

1. Бранко Алексовски, раководител, Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Стефанка Хаџипецова, професор, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
3. Снежана Давчевска, наставник во СУГС „Браќа Миладиновци” - Скопје
4. Зоран Весковски, ИЗ „Китка” - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2008 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***аранжирање на цвеќе*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број ***11-4721/9*** од ***20.06. 2008*** година.